# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## НА ОПШТИНА КОЧАНИ

| БРОЈ 2 | КОЧАНИ, 17 Февруари 2024 ГОДИНА | ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА |
|---|---|---|


Врз основа на членот 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002), Градоначалникот на Општина Кочани, донесе

З А К Л У Ч О К
за објавување на актите донесени на седницата на Советот на Општина Кочани одржана на 17.02.2024 година

I.

Ги објавувам актите донесени на седницата на Советот на Општина Кочани, одржана на 17.02.2024 година, и тоа:

1.Одлука за донесување на Детален урбанистички план за градска четврт 5 од ГУП за град Кочани, Општина Кочани, Бр.09-464/1

2.Одлука за донесување на Детален урбанистички план за градска четврт 14 од ГУП за град Кочани, Општина Кочани, Бр.09-465/1

II.

Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.08-466/1
17.02.2024 година
К о ч а н и

Градоначалник
на Општина Кочани,
Љупчо Папазов

Врз основа на член 39 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ( Сл. Весник на РМ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16 и 64/18), а согласно член 93 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр.32/20 и 111/23) Советот на Општина Кочани , на седницата одржана на ден 17.02.2024 година донесе

О Д Л У К А
за донесување на Детален урбанистички план за градска четврт 5 од ГУП за град Кочани, Општина Кочани

Член 1

Со оваа одлука се донесува Детален урбанистички план за градска четврт 5 од ГУП за град Кочани, Општина Кочани, плански период 2018-2023г., со Тех. бр.0801/489-18 од Јануари 2024г., изработен од ДТУ Билд Урбан ДООЕЛ Скопје.

Член 2

Границата на планскиот опфат е дадена во графичкиот прилог и е претставена описно:
од север: по граница на ГУП на Град Кочани;
од исток: по осовина на ул. „Цветан Димов“ ;
од југ: по осовина на ул. „Љупчо Сантов“;
од запад: по осовина на регулирано речно корито на Кочанска Река;

Површината на планскиот опфат во рамките на опишаните граници изнесува 81,32 ха.

Член 3

Со планот се утврдени следните класи на намени:
А – Домување;
В – Јавни институции;
Д – Зеленило и рекреација;
Е – Инфрастуктура.

Член 4

Урбанистичкиот план од член 1 на оваа одлука содржи:
- Документациона основа - текстуален и графички дел;
- Планска документација - текстуален и графички дел.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето и истата ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-464/1
17.02.2024 година
Кочани

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на член 39 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ( Сл. Весник на РМ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16 и 64/18), а согласно член 93 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр.32/20 и 111/23) Советот на Општина Кочани , на седницата одржана на ден 17.02. 2024 година донесе

О Д Л У К А
за донесување на Детален урбанистички план за градска четврт 14 од ГУП за град Кочани, Општина Кочани

Член 1

Со оваа одлука се донесува Детален урбанистички план за градска четврт 14 од ГУП за град Кочани, Општина Кочани, плански период 2019-2024г., со Тех.бр.0801-627/18 од Јануари 2024г., изработен од ДТУ Билд Урбан ДООЕЛ Скопје.

Член 2

Границата на планскиот опфат е дадена во графичкиот прилог, и претставена описно:
- на исток границата започнува од најсеверната точка 1 и се движи во јужен правец долж осовината на коритото на Кочанска Река (согласно планираниот профил со ГУП на Град Кочани 2013 – 2023), притоа сечејќи ги 16759/1 и 16881, се до најјужната точка 48 (точка на тромеѓето на 16759/1, 16670 и 16902, КО Кочани, Општина Кочани).
- на југ границата е воедно и дел од јужната граница на ГУП на Град Кочани 2013 – 2023; започнува од точката 48 и се движи во западен правец, долж северната граница на профилот на магистралнот пат „А3" (Штип – Кочани – Делчево), односно по границите на 16670, 16671 и 16672 со 16902, се до прекршната точка 59. Оттука, скршнува во северен правец, отпрвин долж границата на 16672 со 16698/1 – до точката 60, а потоа сечејќи ја 16772 во северен правец, се до точката 61 на осовината на државната железничка пруга „Д-II" (Соколарци – Кочани). Потоа продолжува повторно во западен правец сечејќи ја 16772, КО Кочани, Општина Кочани, по осовината на пругата, се до најзападната точка 70.
- на запад границата отпрвин ги сече 16772, 16682 и 16898 во северен правец, се до точката 72 на осовината на улицата „Димитар Влахов". Оттука се движи во источен, па во северен правец долж осовината на улицата „Димитар Влахов" (притоа сечејќи ги катастарските парцели 16898, 16833/1, 13557/2 и 13558, КО Кочани, Општина Кочани), се до точката 100 на крстосницата меѓу сервисната улица „Димитар Влахов" и собирната улица „Стево Теодосиевски", како што се планирани со ГУП на Град Кочани 2013 – 2023.
- на север границата се движи во источен правец долж осовината на собирната улица „Стево Теодосиевски", како што е планирана со ГУП на Град Кочани 2013 – 2023, при тоа сечејќи ги катастарските парцели 13558, 16854, 13557/1, 13556, 13555/3, 13555/2, 13554, 13541/1, 13541/2, 13537/1, 13537/2, 13539, 16776/1 и 16759/1, КО Кочани, Општина Кочани, се до почетната точка 1 на коритото на Кочанска Река.

Површината на планскиот опфат во рамките на опишаните граници изнесува 40,21 ха.

Член 3

Со планот се утврдени следните класи на намени:
А – Домување;
Б – Комерцијални и деловни намени;
В – Јавни институции;
Г – Производство, дистрибуција и сервиси;
Д – Зеленило и рекреација;
Е – Инфрастуктура.

Член 4

Урбанистичкиот план од член 1 на оваа одлука содржи:
- Документациона основа - текстуален и графички дел;
- Планска документација - текстуален и графички дел.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето и истата ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Кочани".

Бр.09-465/1
17.02.2024 година
Кочани

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

# СОДРЖИНА

1.Одлука за донесување на Детален урбанистички план за градска четврт 5 од ГУП за град Кочани, Општина Кочани, Бр.09-464/1

Стр.2

2.Одлука за донесување на Детален урбанистички план за градска четврт 14 од ГУП за град Кочани, Општина Кочани, Бр.09-465/1

Стр.2